***прикази-полемики-рецензии***

*Елизабет СОЛТИРОВА*
*Даниела ДИМИТРОВА*

СТАНИКА ДИКИЌ:

**"ТИФЛОЛОГИЈА"**

Во новиот учебник од д-р Станика Дикиќ, I издание од Дефектолошкиот факултет во Белград се дадени основните знаења од тифлологијата, која сé повеќе се развива и продлабочува низ тифлолошките научни дисциплини, како што се: тифлопедагогијата, психологијата на слепите и слабовидните деца, методиката на едукативната тифлологија, методиката на клиничката тифлологија, професионалната ориентација на лицата со оштетен вид, тифлолошката дијагностика и перипатологијата.

Овој учебник содржи шест поглавија, напишани на 211 страници и тоа:

1. ***Тифлологија;***
2. ***Слабовидност и слепило;***
3. ***Тифлолошка рехабилитација;***
4. ***Проблеми на визуелната перцепција;***
5. ***Тифлолошка дијагностика;***
6. ***Осовременување и усовршување на тифлологијата.***

**Во првото поглавје,** авторот го дефинира поимот и предметот на изучувањето на тифлологијата, целите, задачите и поврзаноста на оваа наука со другите научни дисциплини.

**Во второто најобемно поглавје,** се разгледува проблемот на слабовидноста и слепилото, карактеристиката на децата со оштетен вид и фреквенцијата на слабовидноста во основношколската популација. Авторот истакнува дека во медицинскиот третман на лицата со оштетен вид што подразбира превенција, соодветно лекување и определени аспекти на рехабилитацијата на видот е потребна тимска работа на стручни лица од различен профил.

**Во третото поглавје,** покрај значењето на видната функција и отстапувањето на развојот на децата со оштетен вид, авторот дава план и програма за воспитно-образовната работа и корективната работа со децата со оштетен вид во предучлишните установи, како и план и програма за специ-

јалната воспитно-образовна работа во основните училишта. Во ова поглавје е истакната потребата за тифлолошка рехабилитација на подоцна ослепените лица, како и обука на членовите на потесното семејство.

**Во четвртото поглавје** од учебникот на д-р Станика Дикиќ се презентирани проблемите на перцепцијата како психички процес, перцептивната организација, визуелната перцепција, тешкотиите во визуелната перцепција и видовите на визуелна перцепција: перцепција на просторот, на обликот, перцепција на слики. Авторот укажува дека перцепцијата се стекнува со учење и искуство, што е значајно и треба да се искористи во воспитно-образовната работа со деца со оштетен вид (слабовидни и практично слепи деца), овие сознанија се важни за примена на илустративните наставни средства, со кои се конкретизираат деталите од наставниот процес и се прошируваат границите и димензиите на неговата очигледност. Понатаму, авторот посебно се осврнува врз истражувањето за перцепција на текстот, затоа што слабовидните ученици имаат изразени тешкотии во читањето. Од големо значење е техничко-дидактичката адаптација на учебниците за слабовидни ученици.

**Во петтото поглавје** е даден приказ на истражувањето за специфичностите на визуелната перцепција на текстот и слики кај разните видови и степени на оштетување на видот. Авторот заклучува дека испитувањето на визуелната перцепција покажало дека таа способност кај визуелно оштетените деца е поврзана со: остринатa на видот, видното поле, клиничкиот облик на оштетувањето на видот, способноста за разликување на боите, интелектуалниот развој и возраста на учениците.

**Во шестото поглавје,** авторот ја нагласува улогата на специјализираните училници во работата со децата со оштетен вид, односно хендикепираните деца. За успешното конципирање и уредување на специјализираните училници за работа со учениците со тешкотии во развојот зависи, пред сѐ, од теоретската поставеност и практичното решение на: одликите на специјализираните училници, на подготовката за работа во специјализираните училници, како и на организацијата, функцијата и наставниот ефект на специјализираните училници. Во продолжението, авторот ги дава теоретските основи на колорниот вид и неговото значење во едукацијата на децата со визуелно оштетување.

Детално се дадени карактеристиките и начинот на користењето на компјутерите за слепи и слабовиди ученици.

Основните знаења од Тифлологијата што се дадени во овој учебник може да им користат, како на студентите така и на други лица кој на било кој начин се сретнуваат со лица со оштетен вид.